РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-29
05.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје**

**За:**

**говорен уредник**

**Предмет: Известување за пристигната Претставка**

Почитувани,

Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше поднесена Претставка од гледачка (наш број УПП 03-29 од 24.11.2025 г.), којашто изразува незадоволство од програмската понуда на ТВ Канал 5 и реагираше поради бројните репризни изданија на програмата, пред се на сериите, со барање Агенцијата да реагира/преземе мерки поради повеќекратното репризирање на програмски содржини.

Агенцијата одговори на Претставката, и ја информираше гледачката дека радиодифузерите се целосно самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, како и дека немаат законски обврски за емитување нови емисии/серии, ниту пак законски ограничувања за бројот на репризи, но дека треба да се придржуваат до програмските концепти за којшто ги добиле дозволите за вршење радиодифузна дејност.

Деталите од Претставката и нашиот одговор може да ги видите на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**